Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 01 – 1364/1
29 -09- 2025 20 год.
СКОПЈЕ

До
Совет за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН (2025/26)

## со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | УКИМ Машински Факултет - Скопје |
| Седиште | Ул. Руѓер Бошковиќ бр.18, П. фах. 464, Скопје |
| Контакт информации | contact@mf.edu.mk |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Златко Петрески, декан<br>dekan@mf.edu.mk |
| Членови на Советот за квалитет на единицата | проф. д-р Филип Мојсовски, МФС<br>проф. д-р Филип Здравески, МФС<br>проф. д-р Иле Мирчески, МФС<br>Александар Наумов, претставник од стопанството<br>Петар Божиновски, студент |
| Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план | 2025/2026 |
| Датум на усвојување од страна на Советот за квалитет на единицата | 29.09.2025 |
| Датум на усвојување од страна на Наставно -научниот совет на единицата | 30.10.2025 |
| Годишниот акциски план | ☒ Се доставува првпат<br>☐ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки<br>☐ Се доставува вторпат, по завршена доработка. |

Скопје, 29.09.2025

ДЕКАН,

Проф. д-р Златко Петрески

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Република Северна Македонија – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

## 1. Приказ на состојбата – клучни наоди од Извештајот за самоевалуација

(со посебен акцент на последната учебна година)

| Предности | Слабости |
| --- | --- |
| ⇒ Прием на поголем број на нови соработници и лаборанти, со што се подобрува реализацијата на аудиторните и лабораториските вежби;<br>⇒ Континуирана комуникација со студентите и нивна се поголема инволвираност во сите активности на факултетот;<br>⇒ Остварен континуиран напредок во објавувањето на трудови во реномирани научни списанија од странство од страна на кадарот на Факултетот и зголемување на бројот на акредитирани ментори за трет циклус;<br>⇒ Етаблираност на факултетот како најголем и најдобар факултет од сферата на машинството во државата; | ⇒ Нерамномерен интерес за студирање на првиот циклус, на дел од студиските програми со години интересот за запишување е многу мал, под и околу 10 новозапишани студенти;<br>⇒ Малиот број на студенти во насочениот дел од студиите од прв циклус на поедини студиски програми<br>⇒ Нередовна анализа за тековната имплементација на студиските програми во трите циклуси;<br>⇒ Недоволен интерес на приватниот и јавниот сектор за реализација на заеднички проекти и за користење на стручниот потенцијал на факултетот; |
| **Можности** | **Закани** |
| ⇒ Можност за дополнителни вештини и тимска работа при реализација на студентските проекти на МФС;<br>⇒ Ангажирање на студенти тутори, студенти од повисоките години за помош при изведба на корекциски вежби по предметите од пониските семестри;<br>⇒ Подобрување на соработката со индустријата и нејзината активна вклученост во наставниот процес со можност за вработување по завршување на студиите;<br>⇒ Соработка со студентите и нивна поддршка во основање на стратапи поддржани од факултетот преку Центарот за кариера и вклучување на студентите во меѓународни проекти; | ⇒ Кај студиските програми со помал интерес и мал број на студенти, редовна настава не се реализира, а одреден број на изборни предмети и долг период не се активираат;<br>⇒ Мал број на странски студенти;<br>⇒ Голема разлика во бројот на студенти во првиот и вториот циклус на студии;<br>⇒ Недоволна искористеност на постојните меѓународни договори за соработка за конкретни активности (мобилност на вработени и студенти, заеднички проекти, истражувања или организирање на заеднички или франшизни студии);<br>⇒ Мала активност на алумни заедница; |

| СТАТУС НА СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ | |
|---|---|
| Стандарди кои се целосно исполнети | 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 |
| Стандарди кои се делумно исполнети | / |
| Индикатори кои се делумно исполнети | 5.2, 6.5, 6.6, 9.5 |
| Стандарди кои не се исполнети | / |
| Индикатори кои не се исполнети | / |
| Најдобри практики и научени лекции во последната учебна година (се наведуваат до 5) | 1. Стекнување на дополнителни вештини и тимска работа при реализација на студентските проекти на МФС, Формула Студент;<br>2. Зголемување на бројот и квалитетот на научните трудови објавени од страна на вработените;<br>3. Зголемен број на акредитирани ментори за трет циклус на студии;<br>4. Зголемени инвестиции во лабораториите на факултетот; |
| Најголеми предизвици и недостатоци во обезбедување на квалитетот (се наведуваат до 5) | 1. Континуирани активности за задржување и зголемување на бројот на новозапишани студенти на прв циклус на студии, како и подобра рамномерност на бројот на запишани студенти на сите студиски програми;<br>2. Подобрување на функционалноста на алумни заедницата на факултетот;<br>3. Зголемување на мобилност на вработените и студентите;<br>4. Потреба од зголемување на обемот на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава;<br>5. Водење, интеграција и искористување на сите достапни информации за студенти, активности, процеси на факултетот кои тековно се растурени низ различни системи, а можат значително да допринесат во анализата на работата и да понудат увид во критичните точки |

| ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА[1] | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стандард** | **Индикатор** | **Мерка** | **Вредност Г1[2]** | **Проектирана вредност Г2[3]** | **Рок** | **Надлежно тело** | **Ресурси** | **Ризик** |
| 2. | 2.6. | М1 - Број на студенти кои реализираат практична настава | 33% | 33%<br><br>Практична настава (во форма на предмет Праска) е задолжителна во 5-ти и 7-ми семестар за сите студенти | 30.09.2026 | Професори по предмет Пракса | Наставен кадар | *Ниско ниво:* Недоволна заинтересираност на компаниите |
| 5. | 5.2. | М2 - Обуки за афирмација на системот „Лична научна картичка“ кај вработените за олеснување на неговата употреба и зголемување на бројот на објавени трудови од вработените во влијателни научни списанија и конференции; | 1 обука | 1 обука | 31.12.2025 | Деканат, Продекан за финансии | Сопствени ресурси на МФС | *Ниско ниво:* Недоволна заинтересираност на вработените |
| | 5.2. | М3 - Број на објавени трудови во списанија индексирани во Web of | 15 | 17 | 30.09.2026 | Наставен кадар<br><br>Деканат | Сопствени ресурси на МФС | *Средно ниво:* Реализација на истражувања кои ќе бидат објавени |

[1] За еден индикатор може да се предложат повеќе мерки.
[2] Се однесува на вредноста во претходната учебна година - 2024/25.
[3] Се однесува на проектираната вредност за следната учебна година - 2025/26.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | science и Scopus | | | | Сметководство | | |
| | 5.6. | М4 – Број на организирани обуки за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава како и за развој на нивните педагошки и технички вештини (вклучувајќи вештачка интелигенција, зелени технологии или вештини, одржливост итн.). | 1 | 1 | 30.09.2026 | Наставен кадар<br><br>Деканат | Сопствени ресурси на МФС | *Ниско ниво:* Недоволна заинтересираност на вработените |
| 6. | 6.5 | М5 - Воведување психолошка поддршка на студентите | 0 советувања за студенти | 1 советување за студенти | 31.12.2025 | Деканат,<br><br>Центар за кариера,<br><br>ФСС | Надворешен експерт-психолог | *Ниско ниво:* Недоволни финансии<br><br>*Средно ниво:* Нерасположливост на надворешен експерт |
| 6. | 6.6 | М6 - Изработка на функционален систем за следење на членовите на алумни заедницата | 0 (нема систем) | 1 систем со база на членови<br><br>Да се направи веб страна каде ќе објавуваме конкурси за проекти со понуда за поддршка од страна на | 31.02. 2026 | Деканат,<br><br>Студентска служба,<br><br>Центар за кариера на МФС | Компјутерски центар,<br><br>Секретар на факултетот | *Високо ниво:* Неажурност на студентите / дипломираните |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | компаниите | | | | |
| 9. | 9.4. А. | М7 - Број на тековни меѓународни проекти | 3 | 4 | 30.09.2026 | Наставен кадар<br><br>Деканат<br><br>Канцеларија за проекти | Сопствени ресурси на МФС и други донатори или меѓународни проекти | *Средно ниво:* Недоволна интернационална вмреженост |
| | 9.4.Б | М8 - Учество на наставниот кадар на меѓународни конференции/ мобилност во странство | 13 | 15 | 30.09.2026 | Наставен кадар<br><br>Деканат<br><br>Сметководство | Сопствени ресурси на МФС и други донатори или меѓународни проекти | *Средно ниво:* Недоволна интернационална вмреженост |
| | 9.5. | Промотивни активности за привлекување странски студенти – промоција на акредитирани студиски програми на англиски јазик | 0 промоции | 1 промоција | 31.12.2025 | Деканат,<br><br>Продекан за наука и меѓународна соработка,<br><br>Центар за кариера | Сопствени ресурси на МФС и други донатори или меѓународни проекти | *Средно ниво:* Недоволна интернационална вмреженост со цел комуникација со потенцијални странски студенти<br><br>*Средно ниво:* Недостаток од системски пристап и стратегија за привлекување странски студенти |